Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Сто шеесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 12 ноември 2019 година во Тетово

**Скопје, ноември 2019 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто шеесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 ноември 2019 година во Тетово**

Седницата започна во 19:45 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Елизабета Наумовска, заменик на министерот за образование и наука, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, како и Кирил Парталов, државен секретар во Министерство за локална самоуправа.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, градоначалникот на Општина Тетово, градоначалникот на Општина Брвеница, градоначалникот на Општина Јегуновце, градоначалникот на Општина Желино, градоначалникот на Општина Теарце, претседателот на Советот на Општина Врапчиште и претставник од Општина Боговиње.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска и членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за состојбите и извршените посети во општините Тетово, Гостивар, Јегуновце, Врапчиште, Боговиње, Брвеница, Теарце и Желино

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### <u>Точка 1</u>

Во врска со информирањето за состојбите и извршените посети во општините Тетово, Гостивар, Јегуновце, Врапчиште, Боговиње, Брвеница, Теарце и Желино Владата заклучи:

- Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта за наредната седница на Владата да го достави идејното решение за клучката Тетово - Гостивар, со цел да се направи доусогласување и да се дефинираат идните насоки за истото.

Во врска со информирањето за состојбите и извршените посети во општините Тетово, Гостивар, Јегуновце, Врапчиште, Боговиње, Брвеница, Теарце и Желино:

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, ја истакна важноста од одржувањето на ваква седница бидејќи на овој начин директно ќе се добијат информациите од интерес на граѓаните од нивните заедници и согласно тоа ќе може да се димензионираат идните политики и одлуки за проекти кои може да се реализираат заедно со централната власт. Од проектите што се од посебен интерес за граѓаните од Полошкиот регион ги издвои изградбата на гасоводот на делницата Скопје-Тетово-Гостивар во должина од 76 километри, вреден 29 милиони евра за кој информираше дека целосно ќе биде изграден и пуштен во употреба во 2020 година, со што ќе се доведе гасот до граѓаните и компаниите во овој регион и следствено на тоа значително ќе се намалат трошоците на граѓаните како и ќе биде од огромен придонес за намалување на аерозагадувањето.

Имено, планирано е цевките за гасификација да бидат подготвени до 2020 година, а наредната година се планирани активности од Гостивар кон Кичево, како национален гасовод, но истакна дека сето тоа ќе добие смисла доколку се развијат секундарните мрежи во градовите, населените места, а пред се во индустриските зони и за таа цел на почетокот на наредната година планирано е да се започне постапка во која што општините ќе треба да се изјаснат дали тоа ќе го прават со сопствени средства, кредити или по пат на концесии и јавни приватни партнерства.

Тој извести дека е завршена изградбата на филтер станицата на водоснабдителниот систем во Тетово со што градот се снабдува со квалитетна вода.

Завршена е рехабилитацијата на регионален пат Тетово-Попова Шапка во должина од 18,2 километри, инвестиција вредна 1,7 милиони евра, со кој се подобри пристапноста до скијачкиот центар Попова Шапка за сите посетители. Исто така, рехабилитиран е регионалниот пат Гостивар-Колари-Кичево, извршена е реконструкција на пет мостови на оваа делница, додека пак на патот до Охрид е подобрена безбедноста на сообраќајот за сите возачи.

Со изградбата на водоснабдителниот систем во Општина Желино, се создадени услови за поврзување на 18 населени места во Општината.

Во Општина Теарце со помош на донации во тек е изградбата на спортско игралиште.

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија истакна дека:

- во интерес на граѓаните се спроведени градежни работи и се опремени повеќе детски градинки во Општина Боговиње, Општина Брвеница, во селата Неготино и Добри Дол во Општина Врапчиште, во с. Прељубиште во Општина Јегуновце, како и во Тетово и Теарце. Во Општина Гостивар во тек е изработката на проектот, а во селата Равен и Форино, Општина Гостивар, се отворени центри за ран детски развој, исто како и во тетовските села Бродец и Гајре.

- Министерството за труд и социјална политика отвора канцеларии во седум населени места во Полошкиот Регион. Овие канцеларии се од суштинско значење за граѓаните од

руралните средини бидејќи директно ќе може да поднесуваат документи и да се информираат за остварување на правата од социјална заштита.

Вакви канцеларии се отвораат во општините : Боговиње, Брвеница, Гостивар, Јегуновце, Теарце и Желино и истите се преку Проектот за подобрување на општински услуги, кој го спроведува Министерството за финансии со поддршка на Светска банка и Европската комисија.

- Во Оштина Тетово е одобрена техничка документација за набавка на автобуси.

- Во март 2019 година завршена е изградбата на ново училиште во село Гургурница, Општина Брвеница.

- Министерството за финансии склучи договор за заем со Општина Тетово за изградба на дел од Бул. „Видое Смилевски Бато" во Тетово во рамки на МСИП Проектот.

- Преку ИПА грант, Министерството за финансии намени средства за набавка и инсталација на фотоволтаични системи во јавни општински објекти.

- Преку програмите на Министерството за култура е поддржано формирањето на новата Национална установа-Гостиварски театар. Започната е постапката за првите вработувања и се работи на првата премиера.

- Во завршна фаза е карабината на нов објект во Општина Тетово „Културно-образовен центар" со нов театар и библиотека, а во Општина Боговиње положен е камен-темелник за изградба на дом на култура во с. Камењане.

- Од програмите за заштита на културното наследство во тек се истражувањата на Ѓоновичко кале, каде активно работат екипи од Конзерваторски центар – Гостивар, а привршуваат и подготовките за започнување на непосредни активности за заштита и конзервација на влезната партија на Тетовското кале.

Исто така, претседателот на Владата ги извести членовите на Владата и присутните градоначалници за административните процедури поврзани со Законот за стратешки инвестиции, со што нагласи дека во општините Тетово и Гостивар и во целиот регион, се најавуваат огромни инвестиции во вкупна вредност од преку 300 милиони евра.

Во однос на проектите преку животна средина, истакна дека во 2020 година ќе се отворат сите проекти за јавни приватни партнерства и концесии за регионалните депонии меѓу кои и за Полошкиот регион. Станува збор за проекти кои се во соработка со Светска банка и Европска банка за обнова и развој. Се продолжува со активностите за чистење на старите депонии, каде што всушност треба да се спроведат проектите како филтер станици за прочистување на вода – пречистителни станици, како Проектот за пречистителни станици во Општина Тетово, кој е финансиран преку ИПА Програмата.

Исто така, информира дека доколку до крајот на ноември 2019 година се донесат измените на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, ќе може да се пристапи кон склучување на Анекс на Договор со ТАВ, со кој Анекс 35.000.000 евра ќе бидат на

располагање на општините за реализација на проекти, пред се водоводи и канализации, но и за детски градинки, училишта и спортски сали.

Понатаму, информира дека Светска банка ги одобри првите процедури на кредитот од 70 милиони евра, средства кои државата ќе ги враќа, а ќе бидат наменети за локални патишта. По однос на тоа во декември 2019 година Министерството за финансии ќе го заокружи преговарачкиот процес.

Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година се проектирани овие средства од 70 милиони евра од Светска банка за локални патишта и 50 милиони од Европска инвестициона банка за изградба на водоводи и канализации, со цел сите населени места да имаат здрава и квалитетна вода и канализационен систем кој што е многу значаен.

Во делот на водоводи и канализации ќе има нова програма преку Министерството за животна средина и просторно планирање, а во делот на локални патишта програма преку Министерството за транспорт и врски.

Истовремено, претседателот на Владата на Република Северна Македонија искажа задоволство што Владата на крајот на минатата година обезбеди 50 милиони евра помош за сите општини во државата, за да можат општините понатаму да и помагаат на државата во севкупниот раст и развој. По однос на овој Проект Извештајот на Министерството за финансии укажува за успешната имплементација на истиот.

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, информираше дека согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции, поддржани се повеќе компании во Општина Тетово односно: ЕУРО БЛУЕ – Тетово, каде инвестициониот циклус е 36 милиони денари, од кои 6,5 милиони денари инвестирале минатата година, ФЕДЕР БАУ 35 милиони денари, од кои инвестирале 8 милиони и 800 илјади денари. МОНДИ компани 3 милиони денари, од кои сите ги инвестирале во првата година. МОЛИКА ВИГИЛЕНТ - 184 милиони денари, од кои инвестирале 92 милиони денари и ГЛАС ФЛЕКС Тетово 354 милиони денари, од кои инвестирале 461 илјади денари. Претходно има стари договори од минатата година со ТЕТЕКС ЈАРН ЛИМИТЕТ и со СОЛИД ПЛАСТ ДОО Тетово.

Заменикот на министерот за финансии, д-р Ширет Елези, истакна дека за Проектот за уредување на Реката Пена, каскадни ѕидови, обезбедени се 35.000.000 денари кои ќе бидат планирани во Министерството за животна средина и просторно планирање, односно 5.000.000 денари во 2020 година, 15.000.000 денари во 2021 година и 15.000.000 денари во 2022 година.

Министерот за труд и социјална политика, Мила Царовска, извести дека преку Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија оваа година во Општина Тетово има основани 221 бизниси. Преку оперативните мерки за вработување, во целиот регион се основани 330 мали бизниси. Истакна дека овој регион има потенцијал за претприемништво и најмногу инвестиција се прави во овој дел.

Понатаму, информираше дека во сите рурални места во Општина Тетово, успешно функционираат центрите за ран детски развој.

Исто така, извести дека за наредната година се зголемуваат блок дотациите во образованието.

Опремени се три објекти како места за згрижување на деца во моментот, во Врапчиште, с. Неготино и с. Добри Дол.

До Европската комисија се предадени два проекти за детски градинки, за општините Теарце и Тетово. Општина Тетово е во фаза на отворање и тендерирање на постапката.

Заменикот на министерот за образование и наука, Елизабета Наумовска, информираше дека ќе се донесе програма за формирање на регионални центри, во која влегува училиштето „Моша Пијаде“ од Тетово, што значи дополнителен влез на финансиски средства како и обединување на образованието со стопанството, практична работа на учениците, образование на возрасни, прекфалификации и доквалификации.

Во основното училиште во Општина Врапчиште во 2020 година ќе започне изградба на спортска сала.

Министерот без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Бардуљ Даути, ја истакна потребата од градење на Масларскиот пат, со кој значително ќе се олесни сообраќајот на товарните возила од граничниот премин Јажинце до ТИРЗ зоната.

Министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Музафер Бајрам, истакна дека од Кабинетот преку Министерството за транспорт и врски, во Општина Тетово се распределени 811.244 денари за конструкција на потпорен ѕид на улица „Прохор Пчински“. Во 2019 година во Општина Тетово се распределени 2.820.000 денари, од средствата за изградба на фекална канализација во дел на улица „Иво Лола Рибар“, поранешна улица „Орце Николов“. Вредноста на целиот проект е 5.641.000 денари, со што искажа благодарност до градоначалникот на Општина Тетово, бидејќи Општината учествувала со половина од средствата. Во 2020 година има два проекти за изградба на фекална канализација на улица „29 Ноември“ кој изнесува 1.729.000 денари и реконструкција на улица „29 Ноември“ од булевар „Видое Смилевски – Бато“ до железничката пруга, кој изнесува 5.364.000 денари.

Министерот за животна средина и просторно планирање, Насер Нуредини, укажа за потребата за постојано одржување на депонијата кај „Југохром“ во близина на Рашче и прочистување на отпадните води од депонијата и извести дека преку различни компании се бара решение за одржување на истата.

Понатаму, информираше во врска со проектите за отпад со ИПА фондовите, односно укажа дека се завршува со документацијата и се надева дека што побрзо ќе започнат со тендерите следната година, а доколку се исчисти Фалише ќе се отпочне и со Проектот. Со помош на СЕКО од Швајцарија, ќе има промени што е можно побрзо во однос на мерните станици и во однос на прочистување на отпадните води во Русино. Во заедничка соработка со Светска банка и Министерството за транспорт и врски предвидено е да се изгради нов пат кон Русино, за кој што Општината ќе ја подготви документацијата, а тие ќе започнат со реализација на Проектот. Во врска со канализацијата и водоводот, има фондови од Европската банка за обнова и развој.

Заменикот на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, информираше дека во Општина Јегуновце е изградена нова полициска станица, комплетно опремена и пуштена во употреба.

Министерот за транспорт и врски, Горан Сугаревски, извести дека во 2020 година преку Европска банка за обнова и развој ќе се прави рехабилтација на патните правци Јегуновце – Желино и Карпалак - Желино. Во делот на патот Јегуновце – Желино, бидејќи станува збор за рехабилитација на 14км предвидена е проектната документација и се очекува да започне со реализација на пролет 2020 година.

Исто така, во делот на проектите од Министерството за транспорт и врски преку Светска банка, информираше дека истите се веќе доставени и очекуваат наредниот месец да започнат со тендерирање. Во однос на тоа извести дека во делот на проектната единица, општините се уште може да ги доставуваат проектите и во случај кога не биле во првото тендерирање, во второто ќе бидат.

Во однос на прашањето за клучката Тетово, извести дека од станата на Општина Тетово се одржани состаноци со Јавното претпријатие за државни патишта, Министерството за транспорт и врски, а вклучени се и професори од Градежен факултет и се очекува Проектот да започне во 2020 година.

Градоначалникот на Општина Тетово, Теута Арифи, на членовите на Владата им искажа благодарност за поддршката за реализацијата во многу проекти на Општината и ги информираше членовите на Владата за тековните проекти.

Во однос на Проектот за гасификација во Општина Тетово истакна дека е изработен Предлог на дистрибутивна градска гасоводна мрежа и Идеен проект за дистрибутивна градска мрежа од околу 25.000 метри. Извршено е снимање и катирање на подлоги за изработка на основни проекти во должина од над 10.000 метри. Во тек е изградбата на инфраструктурен проект и се чекаат финални активности за да се заврши последната точка на изработка на основен проект. Активно се пристапува кон реализација на сите активности на овој проект кои треба да завршат до 31.12.2019 година, имајќи предвид дека ова е една од алтернативите за намалување на аерозагадувањето.

Исто така, ја истакна важноста од ИПА Проектот за пречистителни станици во Општина Тетово. Особено ја укажа благодарноста на Владата на Република Северна Македонија и на Владата на Кралството Норвешка за помошта за комплетно чистење на старата депонија во село Фалише, каде што ќе се продолжи со изградба на пречистителна станица.

Патот Шипковица - Бродец, е во завршна фаза, изградбата на мостот помеѓу овие две села се одвива со добра динамика и завршен е процесот на тендерирање на Проектот за продолжување на индустрискиот Булевар со средства од Светска банка.

Градоначалникот на Општина Тетово, Теута Арифи се обрати на членовите на Владата во однос на статусот на регионалните депонии. Општина Тетово преку Швајцарски проект работи на реализација на депонијата Русино, но се смета за потребно Владата да креира една генерална политика за решавање на проблемот со регионалните депонии, бидејќи истите се огромен проблем за целиот регион.

Понатаму, како прашање го истакна статусот на јавните комунални претпријатија, и важноста општините заедно со Владата да пристапат кон креирање на долгорочни политики за овие претпријатија, кои имаат сериозни проблем во процесот на функционирање и концептот на третирање на отпадот.

Истовремено, го истакна и проблемот со територијалните противпожарни единици, односно процесот на трансформација на работниците од Министерството за внатрешни работи кои работат во територијалните противпожарни единици на кои не им се исплаќа блок дотација, со што општините се соочуваат со тужби од страна на претставници на територијалните противпожарни единици. Го посочи прашањето да се размисли во однос на зголемување на капацитетите на овие единици имајќи ја предвид нивната важност и пожртвувана работа и интервенирање во сите моменти на било какви непогоди.

Од областа на образованието изградбата на ново училиште во Мала Речица, како дел од училиштето на Наим Фрашери, го истакна како приоритет како и изградбата на основно училиште во с.Селце. Гимназијата „Кирил Пејчиновиќ" е единствено училиште каде децата од две различни етнички заедници учат одвоено, а целта е нивно интегрирање, па затоа укажа дека реализацијата на Проектот за доизградба на гимназијата „Кирил Пејчиновиќ" која е комплетирана со одобрение, е од особена важност. Проектот е поднесен, но доколку процедурите се долги градоначалникот на Општина Тетово, се обрати до членовите на Владата за можноста Проектот преку Министерството за образование и наука да се реализира преку проектите од ТАВ. По однос на изградбата на нова училишна зграда за основното училиште „Кирил и Методиј", која ќе се реализира со ИПА средства, се реализира во блиска комуникација со Министерството за образование и наука, изградбата на две спортски сали во основни училишта, едната во ОУ „Андреа Савески Кикиш" а другата во ОУ „Братство Мигени", кои се комплетирани со одобрение и се во Програмата на Министерството за образование и наука за 2019 година, градоначалникот на Општина Тетово, се обрати со цел да се информира дали во иднина ќе продолжи реализацијата на овие проекти. Понатаму, Проектот за доградба и реконструкција на постоечки објект на детска градинка во с.Саракино, укажа дека е важно да се комплетира, како и изградба на затворен пливачки базен.

Исто така, градоначачникот на Општина Тетово, Теута Арифи го посочи прашањето во однос на буџетот за реконструкции на училишта, за кој што смета дека не помага во квалитетот на образованието доколку е целиот централизизиран. Она што го истакна е дека зголемувањето на платите во градинките и основните и средните училишта, претставува позитивна мерка, но е важно да тоа оди соодветно со зголемување на блок дотацијата, што значи зголемување на блок дотацијата за институции каде што има зголемување на платите.

Во врска со проекти од инфраструктурата градоначачникот на Општина Тетово, Теута Арифи, го посочи Проектот за автопатот Скопје – Тетово Е 65, над ТИРЗ зоната за градење на клучката, која претставува иницијатива на четири општини:Тетово, Теарце, Јегуновце и Желино, бидејќи со изградбата на клучката ќе се намали сообраќајот низ Тетово а со тоа и аерозагадувањето. Направено е барање за прекатегоризација на патот, од локален во регионален и се обрати до членовите на Владата потребата на општините идната година да се направи проект за тој пат.

Исто така, извести дека до Министерството за транспорт и врски во единицата за финансирање од Светска банка, е доставено барање за реконструкција на три градски улици: ул. „Гоце Делчев", ул. „Јане Сандански" и ул.„29-ти Ноември", сите со комплетирана документација.

Исто така, градоначалникот на Општина Тетово, Теута Арифи, како прашања ги истакна и проектите за изработка на техничка документација за изградба на канализационен систем, одводнување и прочистување на отпадни води за планинските села во Општина Тетово, основен проект за реконструкција на водоводната мрежа во село Порој, основен проект за водоснабдување во с.Лавце (овие проекти со комплетна документација се дадени во повикот за ТАВ), основен проект за регулирање на речното корито на Река Пена, проект за речно корито во с. Шипковица, основен проект за довод од филтер станица с. Лисец до резервоар Despite Сончев брег (би можело да бидат дел од програмата на Министерството за животна средина и просторно планирање) и изработка на проект за речно корито во с. Порој, студија за управување со наноси и друг вид на седимент.

Имајќи го предвид горенаведеното Владата констатира и заклучи:

1) Се задолжува Министерството за образование и наука максимално да ги забрза активностите и да започне постапка за реализација на проектите за изградба на училиштето во Мала речица, како дел од училиштето на Наим Фрашери, основно училиште во с. Селце и доизградба на гимназијата „Кирил Пејчиновиќ".

2) Се задолжува Министерството за образование и наука во соодветната програма да ги вгради изградбата на двете спортски сали во ОУ „Андреа Савески Кикиш" и ОУ „Братство Мигени", со цел да започне постапката за истите.

3) Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, во соработка со надлежните институции и Општина Тетово да ја разгледаат можноста во најбрз можен рок да се завршат проектите и документацијата за уредување на каскадите и потпорните ѕидови од Проектот за речното корито во с. Порој.

4) Се задолжува Министерството за локална самоуправа и Министерството за образование и наука да ја разгледаат можноста за децентрализација на дел од буџетот за општините во делот на реконструкција на основни и средни училишта.

5) Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта за наредната седница на Владата да го достави идејното решение за денивелиран патен јазол, клучка кај натпатник Требош – Фалише на автопат Скопје – Тетово, со цел да се направи доусогласување и да се дефинираат идните насоки за истото.

Градоначалникот на Општина Јегуновце, Дарко Блажески, ја истакна својата благодарност за соработката помеѓу локалната и централната власт со што успешно се реализирани повеќе проекти. Со поддршката на Министерството за труд и социјална политика во Општината започната е со работа градинката за згрижување на 40 деца. Добиена е согласност за почеток на работа за мултиетничка градинка во село Прељубиште, со капацитет за 50 деца. Се очекува согласност од Министерството за информатичко општество и администрација за измена на Годишниот план за вработување за 2019 година. Со помош на Агенцијата за

финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој се реконструира локалниот пат Вратница -Беловиште, локален пат во село Беловиште и започната е со градба во прва фаза канализационата мрежа во населените места Јанчиште и Подбреѓе. Со финансиска помош од Министерството за локална самоуправа, Бирото за регионален развој во Полошкиот плански регион е изградена локална улица во село Јажинце и започнат е плоштад во село Вратница. Јавното претпријатие за државни патишта ги рехабилитирал регионалниот пат Р-2234 од Јегуновце до Пржовци и регионалниот пат Р-29274 од Шемшево до село Лешок. Се започнува со изградба на училишната спортска сала од општинското основно училиште „Александар Здравковски“ во Јегуновце.

Градоначалникот на Општина Јегуновце, Дарко Блажески, понатаму ги посочи следните прашања:

- Во однос на состојбата со излевањето на Реката Вардар од своето корито секоја година жителите на населените места Јегуновце, Раотинце, Копанце, Туденце, Сиричино, се соочуваат со големи проблеми и претрпуваат големи штети од поплавени домови, дворови и земјоделски површини. За надминување на ваквата состојба потребно е регулирање на коритото на Реката Вардар. За таа цел, Министерството за животна средина и просторно планирање на територија на Општина Јегуновце има изработено Проект за регулирање на коритото на Река Вардар од влез од населеното место Сиричино до Дервенската клисура во должина од 7 километри. Проектот е изработен и се наоѓа во Министерството за животна средина и просторно планирање. Истиот може да се реализира во фази и градоначалникот на Општината се обрати на членовите на Владата, за можноста за решение за овој проблем.

- Со затворањето на „Југохром“, поради неизградба на филтри, околу 800 работници останаа без работа. Најголем број од работниците се од Општина Јегуновце, каде нема друг стопански субјект кој може да ги вработи овие работници.

- Понатаму го посочи прашањето со земјиштето под надлежност на Општина Јегуновце, со површина од 10.000 $м^2$ кое се наоѓа на регионалниот пат Р-2242 оддалечен 11 км од автопатот „Мајка Тереза“, во непосредна близина на железничката пруга Скопје - Кичево и во близина на 110 киловолтната постојка. Истакна дека земјиштето може да се уреди за индустриска зона и изградба на неколку стопански субјекти.

-Ја посочи потребата за изградба на канализациона мрежа, од 17 населени места во Општина Јегуновце изградена е канализациона мрежа само за шест населени места.

- Имајќи предвид дека за првата фаза за канализациона мрежа во населените места Јанчиште и Подбреѓе се обезбедени средства и започната е изградбата, се обрати за прашањето за втората фаза за изградба на канализациона мрежа во населните места, за која Општината има аплицирано во Министерството за животна средина и просторно планирање.

- За завршување на канализациониот систем во населеното место Жилче, потребна е изградба на колекторски систем во должина од 1100 метри, за што Општината аплицирала во Министерството за транспорт и врски. Се обрати на членовите на Владата за ова прашање како и за поддршка за реализација на проектите за канализациона мрежа во населените места Ратаје, Прељубиште и Подбреѓе.

- Исто така ги информираше членовите на Владата за проектот за рехабилитација на извор на вода во Пршовечка Јурија – Општина Теарце, извор со доволен капацитет на вода, кој ќе може да го реши проблемот со кој се соочува Општината со водоснабдување со вода за пиење, со цел Владата и ресорните министерства да помогнат по прашањето.

- Во програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2019 година на Јавното претпријатие за државни патишта е предвиден регионалниот пат Јегуновце – Желино во должина од 14 км, па се обрати до членовите на Владата со цел да добие одговор до каде е постапката за реализација на истото.

- Понатаму, ги посочи прашањата за кои очекува поддршка и за кои Општината аплицирала преку Министерството за финансии до Светска банка за изградба на локални патишта во должина од 3 км и тоа: 2,3 км локален пат Копанци – Туденци и 700 м во населено место Шемшево, за потребите за развој на туризмот Општината аплицирала за рехабилитација на патот Старо Село до Планинарскиот дом Љуботен (6,8 км) и патот од Јегуновце до Планинарскиот дом Цер (3 км). Исто така Општината изработила и проект за изградба на пат во населеното место Ораше во должина од 2км за спојување на меѓународниот пат Р-1203 со регионалниот пат Р-2234, со што под Шарпланинските населени места од Општина Јегуновце ќе добијат пократка врска до Скопје, како и до Општинскиот центар Јегуновце.
- Исто така ја истакна важноста од третирање на индустриската депонија во Калиште, која се наоѓа во втората заштитна зона на изворот Рашче и е опасна за загадување на изворот Рашче.

- Се обрати до членовите на Владата за решавање на проблемот со доделување на концесија за изградба на четири мини хидроцентрали на планинските реки Вратничка и Беловичка река (од кои само една ги има потребните дозволи), имајќи предвид дека населението во населените места Вратница, Беловиште, Старо Село и Ораше како и Советот на Општина Јегуновце се против ваквата одлука.

Имајќи го предвид горенаведеното Владата заклучи:

1) Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Општина Јегуновце, да аплицираат за проект за уредување на коритото на Река Вардар, во Швајцарска амбасада.

2) Се задолжува Министерството за транспорт и врски во соработка со Општина Јегуновце да подготви документација за изградба на индустриска зона на земјиштето под надлежност на Општина Јегуновце, со површина од 10.000м2.

Исен Асани, градоначалникот на Општина Теарце, се заблагодари за соработката со Владата во многу области од значење за Општината. Како прашања од особено значење за Општина Теарце ги посочи следните прашања:

- Статусот на градинката во Општина Теарце, за која има изработено комплетна документација и се очекува средствата да се обезбедат од Европската унија.

- Потребата од изнаоѓање на алтернативен начин за слободната зона во Тетово, во насока на с. Непроштено за регионалниот пат Тетово-Јажинце, кој е во должина од 30

километри и на тој пат гравитираат граѓаните од населените места Џепчиште и општините Јегуновце, Теарце и Желино. Решавањето на ова прашање многу ќе има влијание врз економскиот развој на Општината, како и за безбедноста на овој пат.

- Понатаму, информираше дека Општината со Меморандум за соработка со Општина Тетово пожарникарските возила ги дала на Општина Тетово, но се обрати за можноста доколку се направи измена на Законот за пожарникарството да се формира единица, каде што ќе се вклучат Општина Јегуновце и Општина Теарце.

- Во врска со канализационата мрежа, Општина Теарце се наоѓа во втората заштитена зона за водоснабдување на Градот Скопје. Комплетирана е целата техничка документација и градоначалникот на Општина Теарце, истакна дека се надева дека наредната година ќе започне изградбата на канализацијата на Општина Теарце.

- Истовремено, градоначалникот на Општина Теарце го посочи прашањето со тампонирање на полски патишта во должина од 1,5 км. Општината е во фаза на експропријација и се обрати за можноста Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да помогне околу овој проблем, бидејќи се вклучени две, три населени места.

Имајќи го предвид горенаведеното Владата заклучи:

1) Се задолжува Министерството за одбрана во 2020 година да ја разгледа можноста за децентрализирање на нови противпожарни станици, во кои би се групирале неколку општини со цел да се формира противпожарна служба во Општина Теарце.

2) Се препорачува Општина Теарце за реализација на Проектот за канализација доколку е готова документацијата да аплицира до Министерството за животна средина и просторно планирање и до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, во рамките на ТАВ програмата.

3) Се препорачува на Општина Теарце да постапи по забелешките на консултантите и архитектите најмени од Европската делегација по Проектот за градинката во Општина Теарце, со цел да се забрза постапката.

4) Министерството за транспорт и врски по подготвена техничка документација за патот во с. Теарце (од Општината до центарот во должина од 400 метри) да ја разгледа можноста овој пат да го предвиди во програмата за локални патишта.

5) Се препорачува на Општина Теарце да изработи проектна документација за тампонирање на полски патишта со цел да аплицира за истото преку Програмата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и да се согледа можноста за ангажирање на Армијата на Република Северна Македонија.

Градоначалникот на Општина Брвеница, Енвер Пајазити, ја истакна својата благодарност и ги извести членовите на Владата за повеќе проекти на Општината меѓу кои реализација на преку 40 км канализациона мрежа, примарна, секундарна и терцијарна, што значи, 75% од Општината има поставеност со канализација. Особено ја истакна својата благодарност до Владата за изградбата на градинката во Општина Брвеница (изградбата е при крај). Преку

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој се реализираат три проекти, односно: пат низ селото Теново (завршен), пат низ Милетино до Блаце (завршен) и во реализација е патот во Челопек (кој ќе биде завршен за околу две до три недели) и уште неколку други проекти. Во однос на прашањата кои се од важност за Општината ги посочи:

- Во делот на образованието, се обрати за можноста за реконструкција и реновирање на училиштата во Челопек и Брвеница.

- Исто така информираше за Проектот „Шарски води", регионален проект за четирите општини Брвеница, Боговиње, Желино и Врапчиште кои направиле заеднички меѓуопштински Меморандум за соработка, со кој преку белгиската Влада, се донирани преку 400 илјади евра за проектната документација, со што за тие води изработен е основен проект со сите стандарди. Се работи за Шарски Води, се вика Враца Ебар и таму има околу три извори. Само од едниот извор има преку 140 литра вода во секунда. Двата други извора, имаат околу 170 до 200 литри вода во секунда, што би ги задоволило потребите за двете општини Брвеница и Желино, а и Боговиње и Врапчиште можат да користат по 10, 20%, бидејќи тие имаат нивни извори. Проектот е поделен на две фази. Првата фаза од Враца до Неготино (7 милиони евра), а вториот бараат да влезе, со што според студиите што се направени може да се направат три мали хидроцентрали. Падот е многу голем и има услови, а бенефитот е повратен. Проектот е доставен до Министерството за животна средина и просторно планирање, преку Полошкиот регион и е со комплетна документација.

- Понатаму, како важно прашање ја посочи клучката од Брвеница на автопатот спрема Гостивар (нема излез од Брвеница спрема Скопје и од Гостивар спрема Брвеница), која поради имотно – правни нерешени работи, не се реализира, па се обрати за можноста да се реши овој проблем.

- Изготвена е комплетна документација за меѓуопштински проект со Општина Боговиње, за пат во должина отприлика 3,5 км со кој ќе се поврзат двете општини и излегува на Камењарска петља, со што предвидено е да се растерети сообраќајот во Општина Брвеница, бидејќи моментално се соочуваат со сообраќаен метеж, а со овој пат останатите места би можеле директно да излегуваат на автопат. Дел од овој Проект може да го финансираат општините, па градоначалникот на Општина Брвеница до членовите на Владата се обрати за финансиска помош за комплетна реализација.

- Подготвена е комплетна документација за уредување на речното корито на Боговинска река заедно со Општина Боговиње, дел поминува низ Боговиње а дел низ општина Брвеница, направен е мал дел, па градоначалникот на Општината се надева да се разгледа можноста преку програма за уредување на речни корита да се реализира Проектот.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата заклучи:

1) Се задолжува Министерството за образование и наука за основните училишта во Брвеница и Челопек да изнајде начин да ги внесе во програмите за реконструкција.

2) Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање проектот за „Шарските води" да го има предвид во следните финансирања и правење на програми за трајни системи за водоснабдување, конкретно првата фаза Враца до Неготино (7 милиони евра) за да може понатаму етапно да се развиваат.

3) Се задолжува Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за државни патишта да изнајдат решение за клучката Брвеница на автопатот спрема Гостивар.

4) Се задолжува Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за државни патишта Меѓуопштинскиот проект со Општина Боговиње да го стават во следните програми за работа.

5) Се задолжува Министерството за финансии во врска со општинската зграда на Брвеница, да ја разгледа можноста за реалокации на дел од нереализирани средства на крајот на годината, помеѓу 15 – 28.12.2019 година (5 до 7 милиони денари) за да може да се започне со работа.

Емир Дурмиши, претседател на Советот на Општина Врапчиште, ја укажа својата благодарност до Владата за соработката и поддршката во проектите на Општината, како уредување на пет училишта, улици, базен кој е во финална фаза, реконструкцијата на Дом на културата во с. Неготино, асфалтирање на улицата кај Градец и улицата од с. Неготино до с. Сенокос. Завршен е и водоводот во с. Неготино во вредност од 200 илјади евра финансирани од Министерството за животна средина и просторно планирање. Во однос на прашањата од важност за Општината ги посочи следните прашања:

- Во областа од инфраструктурата посочи дека Општината аплицирала за изградба на улици преку проектот за локални патишта преку Министерството за транспорт и врски (улица во с. Заворце и во с. Врапчиште).

- Имајќи предвид дека Општина Врапчиште се соочува со проблем со снабдувањето со вода за пиење, поднесено е барање до Министерството за животна средина и просторно планирање, со цел наредната година да се изгради водоводната мрежа во Општината.

- Општина Врапчиште има потреба од дневен центар за околу 600 деца, за кој е конкурирано во Министерството за труд и социјална политика и очекуваат наредната година ова прашање да биде решено.

- Го посочи и проблемот со одводот во Полошкиот Регион, депонијата во Русино и други диви депонии.

- Истовремено го посочи прашањето за дневен центар за деца со пречки во развојот, односно за можност во наредната година да аплицираат, бидејќи во Општината има околу 70 деца кои се со пречки во развојот.

Имајќи го предвид прашањето за дневен центар за деца со пречки во развојот, потребно е Општината да аплицира до Министерството за труд и социјална политика за да може проектот да влезе во рангирање и финансирање.

Бесир Мифтари, шеф на кабинет на градоначалникот на Општина Боговиње, укажа дека Општината има добра соработка со институциите од централната власт и конкретно има капитални инвестиции, односно три проекти од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, изградба и реконструкција на два пата и урбанистички планови. Преку Полошки центар аплицирано е за урбанистички планови затоа што

Општината има многу стари урбанистички планови. Министерството за транспорт и врски подготвува урбанистички план за едно големо населено место со многу голема површина. Преку Бирото за регионален развој се гради пат кој поврзува едно населено место кое било надвор од општината. Со помош на Министерството за труд и социјална политика предвидено е да започне реконструкција на објект за градинка. Преку Министерството за образование и наука изградена е спортска сала. Општината добила фотоволтаици преку Министерството за финансии во МСИ во Програмата 2, и аплицирала за машини за Јавното комунално претпријатие. Општината се соочува со проблеми со депонијата Русино. Во однос на прашањата од важност за Општината ги посочи следните прашања:

- Општина Желино има техничка документација за канализацијата во Општината, со целокупна вредност од околу 10 милиони евра и се обрати на членовите на Владата за помош за да се реализира ова прашање во најбрз можен рок.

- Исто така укажа на потребата од помош за изнаоѓање на идејно решение за филтер станица во Општината.

- Понатаму, го посочи прашањето за изградба на спортски сали и за таа цел побара да се разгледа можноста за изградба на нова спортска сала во некое од населените места каде што нема и за тоа да информира Министерството за образование и наука.

- Во однос на прашањето со водоснабдување укажа дека мрежата за водоснабдување е стара. Изработена е техничка документација за некои населени места. Општината аплицирала за подготовка на техничка документација за да може да аплицираат низ различни фондови за кои што Владата отвора повици и очекуваат поддршка за решение на овој проблем.

- Во областа на инфраструктурата Општината има релативно добра патна инфраструктура, но преголем предизвик е тоа што нема канализација. Со ова се зголемува трошокот, бидејќи без канализација за одреден период треба повторно да се раскопува, па претставникот на Општина Боговиње се обрати на членовите на Владата за изнаоѓање на решение.

- Ставен е камен-темелник за Дом на култура во Општина Боговиње, во с. Камењане со површина од 750 метри, за кој што бараат поддршка од Владата со цел во 2020 година објектот да биде завршен.

- Истовремено, претставникот на Општина Боговиње, го посочи прашањето за пат помеѓу с. Јеловјане и с. Урвич, во должина од 1 километар и 800 метри. Тоа се две населени места кои се планински, едното е 6,5км или 7км оддалечено од главниот пат, а другото село е на 10км, но двете села се 1,5км едно од друго, а по различни патишта се поврзувани со главниот пат. Ова многу ќе помогне на Општината, зошто во зимски период треба да одржува пат од 12км. Проектот е доставен преку проектната единица на Минситерството за транспорт и врски преку Светска банка и се надеваат на поддршка да биде вграден во Програмата на Министерството за транспорт и врски за да патот се асфалтира.

Имајќи го предвид горенаведеното Владата заклучи:

1) Се задолжува Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање, проектите за локални патишта и проектите за канализација во Општина Боговиње да ги подготват во соодветен распоред.

2) Се задолжува Министерството за транспорт и врски да го земе за предност асфалтирањето на патот помеѓу с. Јеловјане и с. Урвич со цел негова побрза реализација.

Јасин Шаќири, шеф на кабинет на градоначалникот на Општина Желино, во однос на проектите на Општината ги истакна некои со Министерството за финансии преку МСИ2 каде станува збор за 2 патишта од кои едниот е 2 км, а другиот 1 км и 300 метри. Извршена е реконструкција на училиште во с. Палатица, училиште Фан Ноли. Преку Министерството за транспорт и врски извршена е изградба на резервоар, цевковод и потесен цевковод во населено место Желино за 2 илјади кубика вода. Со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во тек е реализација на 2 патишта. Се гради пат во с. Требош преку Планскиот полошки регион во соработка со Општина Тетово. Во соработка со Министерството за труд и социјална политика се очекува наредната година да се реализира проектот за изградба на градинката во Општината.

Во однос на прашањата од интерес за Општината ги посочи следните прашања:

- Ги информираше членовите на Владата за проектите за кои Општината поднела барање до Кабинетот на заменикот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев во рамките на ТАВ и до Министерството за транспорт и врски преку Светска банка за проект за изградба на резервоар за Дервен. Понатаму проект за изградба на доводен цевковод во населено место Желино до резервоар во населено место Дебарце. Изградба на булевар во населено место Желино, двосмерен локален пат, улично осветлување, фекална канализација, атмосферска канализација, водоводна мрежа и хортикултурно уредување.

- Во областа на туризмот, Општината има проект во населено место Седларево, рехабилитација и реконструкција на локален пат и промоција на природна тераса Седларево во износ од 49 милиони денари. Општината аплицирала за Проект за локална и регионална конкурентност за туризмот, помината е првата фаза но не се известени за понатамошната постапка, за што би сакале да добијат одговор.

- Во Министерството за култура Општината аплицирала за Дом на култура кој е назначен како Центар за млади за повеќенаменски простори. Исто така испратен е допис до Министерството да предвиди средства и за проекти за наредната година.

Имајќи го предвид горенаведеното Владата заклучи:

1) Се препорачува на Општина Желино да подготви проекти за водоводи и канализации за аплицирање во Министерството за животна средина и просторно планирање, каде приоритет да бидат руралните средини, како и да подготват проекти за локални патишта за да аплицираат во Министерството за транспорт и врски.

2) Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, да изврши

увид во проектот за населено место Седларево, рехабилитација и реконструкција на локален пат и промоција на природна тераса Седларево во износ од 49 милиони денари.

Истовремено, имајќи го предвид горенаведеното Владата заклучи:

1) Се задолжуваат ресорните министерства и институции да ја разгледаат можноста за изнаоѓање на соодветни мерки и решенија за надминување на отворените прашања изнесени во дискусијата на седницата на Владата, во врска со проектите и активностите на овие општини.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 23:40 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев